# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО*


| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Пехчево** | **Понеделник 30.10.2017 год.** | **Уредува:** |
| | | **Душко Миовски** |
| **Излегува по потреба** | **Број 06 - Година 2017** | **Општина Пехчево** |
| **Гласникот е бесплатен** | | **тел. (033) 441-321** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на актите од Советот на општина Пехчево**

Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пехчево на конститутивната седница одржана на ден 30.10.2017 година, во Службен Гласник на општина Пехчево и тоа:

1. Одлука за формирање на комисија за верификација, мандатни прашања, избори и именувања;
2. Одлука за верификација на мандатите на членовите на Советот на општина Пехчево;
3. Одлука за избор на кандидациона комисија;
4. Одлука за избор на претседател на советот на општина Пехчево

Бр. 09-1121/1
30.10.2017 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за формирање на комисија за верификација, мандатни прашања, избори и именувања**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за формирање на комисија за верификација, мандатни прашања, избори и именувања, што советот на општина Пехчево ја донесе на конститутивната седница одржана на ден 30.10.2017 година.

Број 09-1121/1 — Градоначалник на
30.10.2017 год. — Општина Пехчево
Пехчево — Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. Бр 5/02), член 31, 32, 33, 34 и 35 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), Советот на општина Пехчево на конститутивната седница одржана на 30.10.2017 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за формирање на комисија за верификација, мандатни прашања, избори и именувања при Советот на општина Пехчево**

**Член 1**

Се формира комисија за верификација, мандатни прашања, избори и именувања при Советот на општина Пехчево.

**Член 2**

Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања има за задача да изготви Извештај со предлог за верификација на мандати и да ги верифицира мандатите на советниците во советот на општина Пехчево.

**Член 3**

Советот на општина Пехчево за членови на Комисија за верификација, мандатни прашања, избори и именувања ги именува:

Јован Пешански - претседател
Јованка Пешначка - член
Горан Ајтарски - член
Калинка Станоевска - член

Мартин Андоновски - член

**Член 4**

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1105/1
30.10.2017 година
Пехчево

Претседавач на конститутивната
седница на советот на општина
Пехчево
Борис Заринскиc.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за верификација на мандатите на членовите на Советот на општина Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за верификација на мандатите на членовите на Советот на општина Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на конститутивната седница одржана на ден 30.10.2017 година.

Број 09-1121/1
30.10.2017 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган тренчовски с.р

---

Врз основа на член 33 и член 35 став 1 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002), член 15 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), издадените Уверенија за избор на членови на Советот на општина Пехчево од страна на Општинската изборна комисија – Пехчево и поднесениот Извештај со предлог за верификација од страна на комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања, Советот на општина Пехчево на конститутивната седница одржана на 30.10.2017 година донесе

**О Д Л У К А**
**за верификација на мандатите на членовите на Советот на општина Пехчево по завршувањето на локалните избори 2017 година**

**Член 1**

Со оваа одлука СЕ ВЕРИФИКУВА мандатот на членови на советот на општина Пехчево, избрани на локалните избори 2017 година, одржани на ден 15.10.2017 година. Верификацијата се однесува на мандатот на следните советници:

1. НИКОЛЧО ЈОВЧЕВ, СДСМ и коалиција;
2. ЈОВАНКА ПЕШНАЧКА, СДСМ и коалиција;
3. ГОРАН АЈТАРСКИ, СДСМ и коалиција;
4. ЈОВАН ПЕШАНСКИ, СДСМ и коалиција;
5. БОРИС ЗАРИНСКИ, СДСМ и коалиција;
6. ДОБРИЛА ЈОВЕВСКА, СДСМ и коалиција;
7. КАЛИНКА СТАНОЕВСКА, ВМРО - ДПМНЕ и коалиција;
8. БОРИС МАГДОВ, ВМРО - ДПМНЕ и коалиција;
9. АЛЕКСАНДАР КИТАНСКИ, ВМРО - ДПМНЕ и коалиција;
10. АЛИЛ ГРУТКОВ, ВМРО - ДПМНЕ и коалиција;
11. МАРТИН АНДОНОВСКИ, ВМРО - ДПМНЕ и коалиција;

**Член 2**

Мандатот на советниците трае 4 години сметано од 18.10.2017 година;

**Член 3**

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1106/1
30.10.2017 година
Пехчево

Претседавач на конститутивната
седница на советот на општина
Пехчево
Борис Заринскиc.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за избор на кандидациона комисија**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за избор на кандидациона комисија, што советот на општина Пехчево ја донесе на конститутивната седница одржана на ден 30.10.2017 година.

Број 09-1121/1
30.10.2017 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган тренчовски с.р

---

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. Бр. 5/02), член 31, 33 и 34 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), Советот на општина Пехчево на конститутивната седница одржана на 30.10.2017 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за формирање на Кандидациона комисија**

**Член 1**

Со оваа одлука се формира Кандидациона комисија при Советот на општина Пехчево.

**Член 2**

Задача на Кандидационата комисија е да предложи 1 или повеќе кандидати за претседател на Советот на Општина Пехчево.

**Член 3**

Со изборот на претседател на Советот на општина Пехчево, Кандидационата комисија престанува со работа.

**Член 4**

Советот на општина Пехчево за членови на Кандидационата комисија, ги именува:
Борис Заринcки - претседател
Добрила Јовевска - член
Јован Пешански - член
Александар Китански - член
Борис Магдов - член

**Член 5**

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1107/1
30.10.2017 година
Пехчево

Претседавач на конститутивната
седница на советот на општина
Пехчево
Борис Зарински с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за избор на претседател на советот на општина Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за избор на претседател на советот на општина Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на конститутивната седница одржана на ден 30.10.2017 година.

Број 09-1121/1
30.10.2017 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган тренчовски с.р

---

Врз основа на член 47 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. Бр. 5/2002), член 21 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), Советот на општина Пехчево на конститутивната седница одржана на 30.10.2017 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за избор на претседател на советот на општина Пехчево**

**Член 1**

Со оваа одлука се избира претседател на советот на општина Пехчево.

**Член 2**

За претседател на советот на општина Пехчево се избира Николчо Јовчев.

**Член 3**

Правата и обврките на претседателот на советот на општината се уредени со Законот за локална самоуправа на Р.М. и со статутот на општина Пехчево.

**Член 4**

Мандатот на претседателот на советот трае 4 години сметано од 18.10.2017 година. Одлуката да се достави до именованиот, архивата и градоначалникот на општина Пехчево.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1108/1
30.10.2017 година
Пехчево

Претседавач на конститутивната
седница на советот на општина
Пехчево
Борис Зарински с.р

## С О Д Р Ж И Н А:

1. Одлука за формирање на комисија за верификација, мандатни прашања, избори и именувања при Советот на општина Пехчево ________ 2;
2. Одлука за верификација на мандатите на членовите на Советот на општина Пехчево ______ 4;
3. Одлука за избор на кандидациона комисија ________ 6;
4. Одлука за избор на претседател на советот на општина Пехчево ________ 8;